# Ставови и искуство со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост во Северна Македонија



Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРДОНА СОРАБОТКА

МЦМС

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот**
Александар Кржаловски, директор

**Авторки**
Александра Савевска, координаторка на проект во МЦМС
Фанија Ивановска, соработничка на проекти во МЦМС

**Лектура**
Даниел Медароски

**Графички дизајн**
Контура

ISBN
978-608-4848-46-2

Скопје, септември 2022 г.

**Контакт**
МЦМС, адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk.

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“. Содржините на публикацијата се одговорност на авторките и на ниту еден начин не ги одразуваат погледите на Европската Унија.

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# СОДРЖИНА

Вовед....4

Методологија....5

Користени термини и дефиниции....5

1. Ставови и искуство со стереотипи и предрасуди....7

2. Ставови за социјална дистанца....10

3. Основни вредности....14

4. Мотивација за контрола на предрасудите....15

Студија на случај....17

Заклучоци....18

Прилози....20

Прилог 1 Демографски податоци....20

Прилог 2. Прашалник за ставовите и искуството со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост....21

# ВОВЕД

Односите помеѓу луѓето и групите граѓани многу често се обоени со одреден вид на стереотипи и предрасуди кои потоа може да прераснат во однесување кое е дискриминирачко и неповолно за ранливите категории на граѓани. Стереотип е одреден став што некој го има за одредена група луѓе кој не секогаш точно да ја одразуваат реалноста. Стереотипите може да ги сфатиме како ставови кои преувеличуваат одредени човекови карактеристики додека ги поедноставуваат другите и скоро секогаш завршуваат со искривување на суштината на поединецот. Многу стереотипи се широко прифатени и претставуваат прегенерализирани ставови или мисли за одредени индивидуи и групи луѓе. Секогаш кога групираме поединци заедно и правиме генерализација или судиме за нив без да ги знаеме, тоа е пример за стереотип. Од друга страна, предрасудите се ставови - обично неповолни - што се формирани пред да се има какви било докази и кои не се засноваат на разум или искуство. Додека стереотипот преставува мисла за личност или група луѓе, предрасудите се однесуваат на чувствата кон таа личност или група луѓе. Предрасудите често се вкоренети во идејата дека одредени типови луѓе вредат помалку или се помалку способни од другите. Стереотипите понекогаш може да бидат важен извор на предрасуди и дискриминација поради претпоставките што ги зајакнуваат и чувствата што ги предизвикуваат.

Социјалната дистанца е општествен феномен каде луѓето и групите луѓе социјално се одвојуваат едни од други, а одвојувањето е предизвикано од претпоставени или реални разлики помеѓу нив. Социјалното дистанцирање се манифестира во различни општествени категории, вклучувајќи економска класа, раса и етничка припадност, култура, националност, религија, пол и сексуалност, возраст и слично. Во модерното општество социјалната дистанца е причина за голема загриженост кај социолозите и психолозите бидејќи е познато дека поттикнува однесување кое е со предрасуди, пристрасност, омраза, па дури и насилство. Имено, за време на Втората светска војна токму социјалната дистанца била значајна компонента на идеологијата што овозможи да се случи Холокаустот.

Противтежа на предрасудите и високата социјална дистанца е уверувањето и прифаќањето од државите низ светот дека луѓето се еднакви во правата и слободите. Универзалната декларација на човековите права во член 1 укажува дека: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општочовечката припадност". Иако се поминати повеќе од 70 години од донесувањето на оваа декларација, во многу мултикултурни општества, особено оние во развој, сè уште јавниот дискурс на темата еднаквост е далеку зад првобитната идеја со која се донесе оваа декларација.

И, за жал, ако погледнеме во македонското општество, ќе видиме дека сите погореспоменати социјални феномени се присутни во помал или во поголем степен. Денес македонското општество функционира преку поделби и социјално дистанцирање, каде една од примарните оски на ова дистанцирање е етничката поделба помеѓу граѓаните, а понатаму се надоврзуваат низа други поделби. Оваа состојба е видлива во извештаите за состојбата за човековите права во државата, извештаите за нивото на дискриминација, но пред сè е видлива во секојдневното живеење, и тоа од повеќе аспекти како во социјалната, така и во политичката сфера. Иако државата низ годините од своето осамостојување го посочува проблемот на општествената поделеност по разни основи и креира јавни политики, стратегии и закони со цел тој да се намали, денес сè уште постојат јазови кои наместо да се намалуваат, се зголемуваат уште повеќе. Затоа, следењето на трендовите во однос на степенот на предрасуди, дискриминација и социјално дистанцирање е голем императив за развој на мултикултурно општество какво што е македонското.

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Ставови и искуство со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост во Северна Македонија", преку квантитативно истражување со кое се обезбедија податоци за ставовите на граѓаните за искуството со предрасудите, социјалната дистанца и ставовите за еднаквоста. Целта на истражувањето беше да се испитаат ставовите на граѓаните поврзани со посочената тема на ниво на репрезентативен национален примерок.

МЦМС ѝ ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на истражувачката куќа М-проспект, чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата. Истражувањето е спроведено со телефонска анкета во домаќинствата на репрезентативен примерок на 1.000 испитаници на национално ниво.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Од 24 јуни до 5 јули 2022 година, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го спроведе истражувањето „Ставови и искуство со предрасуди, социјална дистанца и еднаквост во Северна Македонија“. Во истражувањето беше опфатена популација постара од 18 години, жители на Северна Македонија. Репрезентативноста на примерокот е базирана на регионална дистрибуција на населението согласно Пописот на населението спроведен во 2021 година. Користениот примерок е повеќефазен со случаен избор, земајќи ја предвид дистрибуцијата на населението според географската дистрибуција и етничката припадност. Истражувањето е спроведено телефонски, следејќи го правилото за следен роденден во домаќинството, што овозможува изборот на испитаници да биде случаен. За потребите на телефонско истражување, М-проспект располага со база на телефонски броеви. Интервјуата беа спроведени од добро обучени искусни анкетари на македонски и на албански јазик. Контролата на квалитетот на истражувањето е извршена според стандардните процедури на М-проспект.

Анкетниот прашалникот беше подготвен врз основа на прашалниците од слични анкети на МЦМС, како и врз основа на национални и глобални истражувања поврзани со темите толеранција и еднаквост, и тоа: Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза од 2016 година[1]; Националното истражување за еднаквост, различност и предрасуди во Британија од 2005 година[2]; и Развивање национален барометар на предрасуди и дискриминација во Британија од 2018 година.[3] За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните теми:

- Ставови и искуство со предрасуди и стереотипи – лично доживеани и набљудувани општествени односи на стереотипно таргетирање;
- Ставови за социјална дистанца – лични ставови;
- Ставови за еднаквост – лични ставови;
- Мотивација за контрола на предрасудите – лични ставови.

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95% и со маргини на грешка од +/- 3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и други помалобројни социодемографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок. Поради концизност, за етничките Македонци се користи поимот Македонци, а за етничките Албанци се користи поимот Албанци. Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „одбиле да одговорат“, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

## Дискриминација

Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација, вклучително и оневозможување соодветно приспособување и оневозможување пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.[4]

1 Стојановски, Страшко и Жанета Попоска. Истражувачи извештај - Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза. 2016, ОБСЕ.
2 Abrams Dominic and Diane N. Huston. Equality, Diversity and Prejudice in Britain. Results from 2005 National Survey, University of Kent.
3 Abrams Dominic, Hannah Swift and Diane N. Huston. Developing a national barometer of prejudice and discrimination in Britain. University of Kent, 2018.
4 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник бр. 258/2020.

## Еднаквост

Еднаквоста е начело според кое сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во обврските и правата. Еднаквоста ја подразбира различноста, односно подразбира постоење неистоветни субјекти кои треба да бидат еднакво третирани. Ова начело опфаќа политичка, правна, општествена, економска еднаквост и еднаквост пред законот и еднаквост на третманот.[5]

## Предрасуди

Тоа се ставови за луѓе и појави кои немаат логичка поврзаност, континуирано се одржуваат, проследени се со силни емоции и предизвикуваат одредено постапување/однесување кое како последица има понеповолен третман на конкретна категорија луѓе во однос на друга.

## Род

Тоа е општествено создаден концепт на машкост и женскост кои се состои од соодветни квалитети или карактеристики кои се очекува да ги поседуваат припадниците на секој пол (родови улоги).

## Социјална дистанца

Социјална дистанца претставува степенот до кој, психолошки гледано, едно лице или група сака да остане одвоено од членовите на други различни општествени групи. Ова го одразува степенот до кој поединците или групите прифаќаат други од различна етничка припадност, раса, националност или друго социјално потекло.[6]

## Стереотипи

Тоа се релативно упростени и ригидни сфаќања за карактеристиките на припадниците на одделни групи или категории луѓе. Стереотипите се исклучувачки и не ја одразуваат реалноста. Тие може да бидат и негативни и позитивни, се базираат на многу малку информации и се многу отпорни на промени.

## Стигма

Стигмата е непосакувана или дискредитирачка особина која се придава на лице или група луѓе насочена кон снижување на статусот на ова лице или група луѓе во очите на заедницата.

## Толеранција

Тоа е способност да се прифатат и да се почитуваат уверувањата и општествените вредности на други лица или групи луѓе. Вообичаено се поврзува со фер, објективно и отворено однесување кон оние кои се разликуваат од нас по нивните мислења, ставови, уверувања, практики, религии итн.

## Трансродово лице

Трансродово лице е лице чиј родов идентитет, родово изразување или однесување не е во согласност со она што обично се поврзува со полот кој му бил доделен при раѓање.[7]

5 Најчевска, Мирјана и Кадриу Беким (2008). Поимник на изрази поврзани со дискриминација. Вклучително и термините за предрасуди, род, стереотипи, стигма и толеранција.
6 Дефиниција според Американската психолошка асоцијација.
7 Види повеќе на https://www.apa.org/topics/lgbtq/transgender.

# 1. СТАВОВИ И ИСКУСТВО СО СТЕРЕОТИПИ И ПРЕДРАСУДИ

Во овој дел од анкетата ги прашавме граѓаните за чувствата кои тие ги имаат кон различни групи луѓе. Спроведените експериментални истражувања на оваа тема јасно укажуваат дека степенот до кој луѓето чувствуваат негативни емоции кон одредени групи влијае на веројатноста за нивното понатамошно прифаќање и адресирање на нивните потреби и проблеми.[8] Исто така, одговорите на ова прашање ни укажуваат за степенот до кој различни групи во општеството можат да бидат цел на јавно искажани негативни ставови. Но, укажува и на присуството на повеќе имплицитни форми на пристрасност – релативно попозитивни чувства за некои групи, наместо за други. Одговорите презентирани во графиконот 1 ни даваат увид за тоа кои групи во Северна Македонија се повеќе ранливи на ставови на директно непријателство и експлицитна антипатија.

*Графикон бр. 1. Процент на испитаници кои изразиле негативни, позитивни или неутрални чувства кон различни групи во Северна Македонија.*




Според резултатите, кон луѓето со посебни потреби и христијаните испитаниците изразиле најмалку негативни чувства (под 3%). Потоа доаѓаат жените, луѓето со нарушена ментална состојба, лицата под 30 г. и над 70 г. кои имаат сите под 4% изразени негативни чувства. За разлика од нив, кон лезбијките, геј и бисексуалните лица испитаниците изразиле високи 53,5% негативни чувства. Иста е ситуацијата и кај трансродовите лица кон кои има 46,3% изразени негативни чувства, а по кои следуваат имигрантите со 21,6% и барателите на азил со 17,5%. Ова ни покажува дека постојат групи граѓани кон кои луѓето имаат прилично мала двојба за искажување негативни ставови. Дополнително, интересен е фактот што кај двете последноспоменати групи има висок број испитаници кои се изјасниле со неутрално чувство (34,9% кај имигрантите и 36,2% кај барателите на азил). За оваа ситуација, дел од научниците укажуваат дека изразувањето неутрално гледиште може искрено да одразува дека испитаникот не чувствувал ниту позитивни ниту негативни чувства кон групата[9]. Но, алтернативно објаснување е дека испитаниците може да се чувствуваат амбивалентно - позитивно за некои членови на таа група, но негативно за другите членови (случајот со прифаќањето на бегалците од Украина, наспрема бегалците од Сирија). Трето објаснување е дека неутралниот одговор ги одразува негативните чувства кои луѓето се чувствуваат спречени да ги изразат. Ако го прифатиме последното објаснување, тогаш испитаниците изразиле помалку од 25,0% позитивни чувства за лезбијките, геј и бисексуалните лица и трансродовите лица, а остатокот отпаѓа на негативни чувства.

8 Види повеќе во Abrams Dominic and Diane N. Huston. Equality, Diversity and Prejudice in Britain. Results from 2005 National Survey, University of Kent.
9 Ibid.

За да ги испитаме ставовите на граѓаните во Северна Македонија кои постојат во однос на одредени групи граѓани го користевме „Стереотипниот модел на содржина"[10], и тоа во однос на четири стереотипни особини за тоа дали одредени групи луѓе се гледани како: способни, пријателски, економски успешни, или пак добиваат посебен третман. Претходните истражувања покажуваат дека различните процени на топлина (како пријателски) и компетентност (како способност) имаат тенденција да имплицираат различни емоции кон дадена група. Овие емоции вклучуваат сожалување (изразена висока топлина и ниска компетентност), восхит (висока топлина и висока компетентност), презир и гнев (ниска топлина и ниска компетентност) и завист (ниска топлина и висока компетентност).[11] За да ја намалиме загриженоста на испитаниците за давање одговори кои би се перципирале за стереотипни, прашањето се одговараше од аспект како испитаникот мисли како другите луѓе ги гледаат групите во однос на дадените особини, а не како испитаникот ги гледа нив. Важно е да се нагласи дека не се важни добиените апсолутни позиции, туку повеќе нивната релативната позиција во однос на другите, особено позицијата на секоја од групите во споредбата со другите.

Графиконот 2 покажува како секоја група е перципирана во однос на особините за способни и пријателски. Од резултатите се гледа дека групите кои се најмногу стереотипно перципирани како помалку способни и помалку пријателски од другите се лезбијките, геј и бисексуалните (ЛГБ) лица, по нив следуваат Ромите и лицата со попреченост. Ако на едните се гледа со доза на презир и гнев, кон другите се гледа со доза на сожалување.

*Графикон бр. 2. Степен до кој се сметаат за способни и пријателски (%)*




Графиконот 3 покажува како секоја група е перципирана во однос на опциите економски успешни и добива посебен третман во општеството. Од резултатите се гледа дека стереотипно како економски најуспешни се перципираат групите: Македонци (67,4%), Албанци (67,2%), жени (65,2%) и мажи (60,0%). А, оние кои се перципираат стереотипно како најмалку успешни се ЛГБ лица (27,0%), по нив следуваат лицата со попреченост (29,7%) и Ромите (29,9%). Според резултатите, Албанците се стереотипно перципирани дека добиваат посебен третман во општеството со 53,5%, додека ЛГБ лицата се сметани дека добиваат најмалку таква предност (18,1%).

10 Fiske, S.T, Cuddy, J.C., Glick, P. & Xu, J. (2002) A model of (often mixed) stereotype content: Competence and warmth respectively follow from perceived status and competition. Journal of Personality and Social Psychology, 82, 878-902.
11 Ibid.

*Графикон бр. 3. Степен до кој се сметаат за успешни и добиваат посебен третман (%)*




Бидејќи предрасудите може да бидат подлога за преземање акција која оди во насока на отворена дискриминација, ни беше важно да ги прашаме испитаниците дали тие имале директно искуство со предрасуди или биле третирани неправедно. За да го утврдиме директното искуство на испитаниците со предрасуди, ги прашавме: „Размислувајќи за вашите лични искуства во текот на минатата година, колку често некој покажал предрасуди кон вас или се однесувал неправедно со вас поради вашата етничка припадност, род, сексуалност итн.“ Одговорите во проценти се прикажани во графиконот бр. 4.

*Графикон бр. 4. Лично искуство со предрасуди (%)*




Од резултатите се забележува дека најчесто испитаниците искусиле предрасуди во однос на својот род, етничка припадност, политичка припадност и возраст, и тоа околу 20,3% од испитаниците одговориле дека речиси цело време, голем дел од времето или понекогаш биле во ситуација во која некој се однесувал кон нив со предрасуди и неправеден третман по основа на нивниот род. Додека, пак, 16,0% од испитаниците биле во иста таква положба, но заради нивната етничка припадност. Голем дел од испитаниците одбиле да одговорат или не знаат дали биле изложени на предрасуди кога станува збор за нивната сексуална ориентација (29,5%) или имањето одредена попреченост (27,6%).

Вкрстувајќи ги резултатите според социодемографските карактеристики, може да се забележи дека 31,1% од испитаниците во полошкиот регион искусиле предрасуди поради етничката припадност, а по нив следуваат испитаниците во југозападниот регион со 22,2% и во скопскиот регион со 17,8%. Ако гледаме колку од испитаниците искусиле предрасуди според родот, се забележува дека жените искусиле повеќе од мажите (25,0% наспроти 15,6%). Гледано регионално според родот со предрасуди, најмногу се сретнале испитаниците од полошкиот и од југозападниот регион, а најмалку во источниот и во југоисточниот регион.

# 2. СТАВОВИ ЗА СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА

За да ја испитаме социјалната дистанца ја користевме скалата за социјална дистанца креирана од социологот Емори Богардус.[12] Во однос на социјалната дистанца, ги прашавме испитаниците кои односи би сакале да ги имаат со различни групи граѓани, односно до кој степен луѓето ги гледаат различните групи како дел од своите непосредни социјални кругови на живеење и колку удобно се чувствуваат ако за нивни шеф е назначено лице со одредена заштитена карактеристика.[13]

Податоците прикажани во графиконите од број 5 до број 8 илустрираат прилично конзистентен тренд за сите групи. Од податоците може да се заклучи дека на испитаниците им е попријатна идејата да имаат за раководител, сосед или да се дружат со некој кој е од различна етничка припадност или вера, отколку некој нивни близок роднина да формира брак со некој кој е од различна етничка припадност или вера.

Графиконот број 5 покажува дека кај Македонците најголема социјална дистанца има во односите со ромската популација и особено кај ставот „мојата сестра или роднина да се омажи за него", каде преференцата во однос на ромската популација е 32,2% (за појаснување колку што е поголема социјалната дистанца толку процентот е помал). Социјалната дистанца за истиот став на испитаниците Македонци кон Албанците е 36,0%, за Турците 36,6% и за Србите е 58,2%. Кај испитаниците Албанци (види во графиконот број 6) социјалната дистанца е посилно изразена и особено изразена е кон ромската и кон српската популација. Најсилно изразена е социјалната дистанца по однос на ставот „мојата сестра или роднина да се омажи за него" кон ромската и српската популација со само 6,9%. Социјалната дистанца за истиот став на испитаниците Албанци кон Македонците е 15,0% и кон Турците 34,6%. Во однос на ставот „неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца", преференцата на испитаниците Албанци кон Србите е 34,1%, а кон Ромите е 37,4%. Во однос на ставот „да се дружам со него и да ми биде пријател" преференцата на испитаниците Албанци кон Србите е 35,0%, а кон Ромите е 37%.

Во однос на религиската припадност, испитаниците од православна христијанска вероисповед, како и оние со исламска вероисповед имаат значителна дистанца во односот кон припадниците на јудаизмот (верата на Евреите) и протестантската вероисповед. Социјалната дистанца помеѓу православните христијани и испитаниците со исламска вероисповед значително се зголемува кога го анализираме ставот „мојата сестра или роднина да се омажи со него". Преференцата на православните христијани по овој став кон лицата со исламска вероисповед е 36%, додека на испитаниците со исламска вероисповед преференцата кон лицата со православната христијанска вера е 21,6% (види во графиконот број 7 и број 8).

Од добиените податоци може да се забележи донекаде значителна социјална дистанца помеѓу различните групи граѓани кои живеат во Северна Македонија за формирање разни потенцијални човечки односи, и тоа од живеење во исто место, до дружење и формирање брачни односи. Исто така, податоците укажуваат на одредена доза на контрадикторност, односно неконзистентност во однос на изразените преференци за формирање различни социјални односи, па така, на пример: испитаниците изразуваат поголема преференца за формирање пријателски односи со луѓе од различна етничка и верска припадност, но имаат многу мала изразена префернца кога станува збор за формирање брачни односи на нивни блиски роднини. Или во превод, резултатите укажуваат дека може да се дружиме, но не може да се мажиме/жениме едни меѓу други.

12 Colin Wark and John F. Galliher. (2007) Emory Bogardus and the Origins of the Social Distance Scale. The American Sociologist 38:383–395.

13 Заштитно обележје врз кое не треба да се темели недозволениот различен третман, а кое може да биде лична карактеристика или статус, или, пак, претпоставена или сродна лична карактеристика или статус преку која едно лице или група на лица се идентификува(ат) со одредена раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, државјанство, пол, род, сексуална ориентација, религија, уверување, образование, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, здравствена состојба итн.

*Графикон бр. 5. Ставови за социјална дистанца - Македонци (%)*




*Графикон бр. 6. Ставови за социјална дистанца - Албанци (%)*



*Графикон бр. 7. Ставови за социјална дистанца - православен христијанин (%)*




*Графикон бр. 8. Ставови за социјална дистанца - исламска вероисповед (%)*




Сепак, податоците за социјална дистанца нагласуваат дека предрасудите веројатно се доста специфични и можат различно да се манифестираат за различни типови на низа заштитени карактеристики. Па така, на прашањето колку удобно или непријатно би се чувствувале доколку за ваш шеф е назначена жена, 75,5% од испитаниците одговориле дека би се чувствувале многу удобно или удобно, а само 4,8% би се чувствувале непријатно или многу непријатно (види во графиконот 9). Ако станува збор за шеф кој/која е лице со попреченост, 57,7% од испитаниците би се чувствувале многу удобно или удобно, додека 10,9% би се чувствувале непријатно или многу непријатно. Сликата се менува кога станува збор за шеф која/кој е лезбијка/геј, во овој случај 28,0% од испитаниците би се чувствувале многу удобно или удобно, а 41,3% рекле дека би се чувствувале непријатно или многу непријатно доколку имаат лезбијка/геј за нивни шеф. Ако ги земеме во обѕир високите неутрални податоци за лицата кои имаат попреченост или се лезбијки/геј, тогаш се заклучува дека голем дел од испитаниците не успеале да изразат позитивен однос и да се

чувствуваат удобно ако такво лице е назначено за нивни шеф. Останува отворено прашањето за утврдување на општествените двигатели за оваа ситуација и подетално воочување на вкоренетите предрасуди кон лицата кои имаат одредена заштитена карактеристика во македонското општество, а кои не можеа да се земат предвид во ова истражување заради практични ограничувања. На пример: кога станува збор за лица со попреченост дали видот на попреченост има улога во однос на манифестацијата на разни предрасуди и слично.

*Графикон бр. 9. Колку удобно или непријатно би се чувствувале ако жена, лезбијка/геј или лице со попреченост е назначено за ваш шеф (%)?*




На прашањето: „Дали сметате дека е подобро да се склопи брак со", 67,5% од испитаниците одговориле дека е подобро да се склопи брак со жена/маж од иста вера, а само 2,1% одговориле дека е подобро да се склопи брак со жена/маж од друга вера, додека 27,9% одговориле дека немаат определен став (види во графиконот број 10). Вкрстувајќи ги резултатите по етничка основа, 85,0% од Албанците сметаат дека е подобро да се случи брак со жена/маж од иста вера, додека 63,4% од Македонците и 16,0% од Ромите го сметаат истото. Ако ги видиме податоците по регион, ќе забележиме дека најмногу испитаниците во југозападниот регион со 81,8%, а најмалку испитаниците во пелагонискиот 56,7% го сметат истото.

*Графикон бр. 10. Дали сметате дека е подобро да се склопи брак со? (%)*



# 3. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

За да дознаеме кои се основните вредности со кои луѓето се поистоветуваат, го искориствме Инструментот за вредности на Шварц.[14] На испитаниците им беа понудени шест релевантни основни вредности кои потоа тие ги приближуваа до нивните ставови на скалата од многу како мене, до воопшто не како мене. Со овој инструмент може да се утврди дали агендата за еднаквост во општеството е широкоприфатена, но и да се спореди оваа агенда со други вредности поврзани на пример со безбедноста и традицијата, кои понекогаш може да бидат во меѓусебен судир и да влијаат во донесувањето сосема спротивни јавни политики.

*Графикон бр. 11. Основни вредности во проценти (подредени во опаѓачки редослед согласно одговорите на „многу како мене“ и „како мене“).*




Резултатите покажуваат дека најголем приоритет за испитаниците се токму вредностите поврзани со еднаквоста и почитувањето на основните постулати за обезбедување еднакви можности и социјална правда во општеството. Високи 74,6% и 74,5% ги избрале понудените основни вредности за еднаквост како многу блиски до нивните ставови. По нив следуваат вредностите за државната безбедност (70,6%), сигурноста на државниот поредок, како и законитоста на постапките и процесите (66,0%). За отвореноста кон различностите се изјасниле 68,6%, а на крајот следуваат вредностите поврзани со традицијата и обичаите кои се важни за продолжување на стекнатото културно и историско наследство (64,1%).

Ако се погледнат вкрстените податоци за тврдењето „мислам дека е важно секој човек во светот да биде третиран подеднакво, верувам дека секој треба да има еднакви можности во животот“, по региони може да се забележи дека најмногу одговори „многу како мене/како мене“ имаат испитаниците од источниот регион 87,6%, додека најмалку имаат испитаниците од југозападниот регион 55,6%. По основ на етничка припадност најмногу со ова тврдење се поистоветуваат Ромите 96,0%, потоа Македонците 78,3% и Албанците 62,2%.

Ако го анализираме тврдењето „важно ми е да ги слушам луѓето кои се различни од мене, дури и кога не се согласувам со нив, сепак сакам да ги разберам“ по основ на етничка припадност, со ова тврдење најмногу се поистоветуваат („многу како мене/како мене“) Ромите 96,0%, потоа Македонците 71,8% и

14 Schwartz, Shalom H. (1992), “Universals in the Content and Structure of Values: Theoretical Advances and Empirical Tests in 20 Countries”, Advances in Experimental Social Psychology Volume 25.

Албанците 56,1%. По региони, најмногу со ова тврдење се поистоветуваат испитаниците од источниот регион (78,7%), а најмалку испитаниците од југозападниот регион (52,5)%.

За да отидеме еден чекор понапред, ги прашавме испитаниците дали треба да има еднаквост за сите групи во Северна Македонија и 56,4% од испитаниците одговориле дека во потполност се согласуваат со оваа изјава, а 17,2% одговориле дека донекаде се согласуваат. Мал дел од испитаниците (2,4%) воопшто не се согласуваат со изјавата, а само малку над 10,0% одговориле дека донекаде не се согласуваат со оваа изјава (види во графиконот број 12). Иако скоро две третини од испитаниците се изјасниле позитивно во однос на еднаквоста на различните групи, сепак една третина од граѓаните отстапува од ова стојалиште. Едно можно објаснување за оваа состојба е толкувањето дека основната вредност за имањето еднаквост иако е широко прифатена, сепак постојат варијации во зависност од тоа кои групи луѓе испитаниците ги имаат во обзир при одговарањето. Овие податоци се во иста линија со претходно добиените податоци на негативните ставови кои испитаниците ги искажале кон одредени групи граѓани (види во делот со искуството со предрасуди и стереотипи).

*Графикон бр. 12. Треба да има еднаквост за сите групи во Северна Македонија (%).*




# 4. МОТИВАЦИЈА ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДРАСУДИТЕ

Истражувањата по социјална психологија укажуваат на тоа дека постојат јасни општествени норми кои се против јавното изразување на предрасудите. Но, овие истражувања исто така покажуваат дека луѓето имаат различно ниво на загриженост кога искажуваат предрасуди. Едни се внатрешните или лични грижи и сосема други се грижите кои се од надворешна природа во однос на тоа дали другите судат дека имаш или се однесуваш со предрасуди.[15] Па така, голем дел од луѓето во своите интеракции со другите од различна раса, пол, религија и други различни групи користат „политичка коректност" со цел да го намалат нивото на осудување или неодобрување кое би дошло од надворешната околина.

Во нашето истражување 75,6% од испитаниците се изјасниле дека се обидуваат да дејствуваат на начин без предрасуди кон другите групи бидејќи тоа им е лично важно, додека 10,3% не се согласуваат со ова тврдење (види во графиконот број 13). Спротивно, високи 66,8% од испитаниците се изјасниле дека се согласуваат дека се обидуваат да ги контролираат предрасудите за да избегнат неодобрување од другите, додека 17,9% не се согласуваат дека се обидуваат да ги контролираат предрасудите за да избегнат неодобрување од другите (види во графиконот број 14). И во двата случаи околу 13% од испитаниците немаат изразено јасна мотивација да ги контролираат предрасудите ниту заради лична основа ниту заради

15 Види повеќе во Monteith, M.J., Sherman, J.W. and Devine, P. (1998). Suppression as a stereotype control strategy. *Personality and Social Psychology Review*, 2, 63–82.

неодобрување од другите. Во генерални црти, податоците покажуваат дека висок процент на испитаници ги имаат двете мотивации за неискажување предрасуди водејќи се може малку повеќе од личните причини, отколку од надворешните. Високиот процент на испитаници кои одговориле дека се мотивирани од надворешни причини во неискажувањето предрасуди посочува дека општествените интеракции се карактеризирани со одредени непишани „check and balance" механизми (како што е политичката коректност) кои веројатно може да бидат зајакнати со низа програми и закони кои ќе имаат задача да ги едуцираат, но и да ги заштитат граѓаните од поголеми ескалации, како што е отворената дискриминација и неповолниот третман.

*Графикон бр. 13. Се обидувам да дејствувам без предрасуди кон другите групи бидејќи тоа е лично важно за мене (%).*




*Графикон бр. 14. Се обидувам да бидам без предрасуди кон другите групи за да избегнам неодобрување од околината (%).*



## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

## ПРИКАЗНАТА ЗА 11-ГОДИШНАТА Е.А. ОД ГОСТИВАР: ЖРТВА НА ПРЕДРАСУДИ

Во месец февруари 2022 година во медиумите одекна приказната за ученичката Е.А. од Гостивар која во второто полугодие од учебната година тргна во училиште со еден ден задоцнување и изолирана од своите соученици во основното училиште „Башкими" од Гостивар. Она што е карактеристично за Е.А. е тоа што е дете со Даунов синдром кое благодарејќи на своите родители и новата наставна концепција за инклузија во образовниот процес за децата со посебни образовни потреби успева да следи настава во редовен процес, и тоа како ученичка во четврто одделение. Нејзината приказна е случај за пример каде општествените предрасуди кон лицата со посебни потреби достигнуваат крајна линија на отворена директна дискриминација.

Имено, кулминацијата на нетолеранцијата и отвореното отфрлање на Е.А. доаѓа кога родителите на соучениците од одделението во кое учела одлучуваат да потпишат петиција со која побарале таа да се отстрани од редовната настана и заедно со петицијата активирале бојкот на наставата поради нејзината „агресивност". Впрочем проблемите на Е.А. почнале со почетокот на школската година во месец септември 2021 година кога заради негативни реакции на родителите од училиштето, таа почнала да ротира во три различни паралелки кај три различни наставнички со цел да се намали отпорот кон неа од мнозинството родители. Оваа ситуација се одигрува под будното око на директорот со кој било дополнително договорено и користење посебна просторија од страна на Е.А. и нејзината образовна асистентка за да може да се изолира од другите ученици кога тоа ќе биде потребно што било сосема спротивно на законските прописи за текот на образовниот процес, а со цел да им се угоди на мнозинството родители кои барале исклучување од наставата. Овој пристап всушност претставувал физичко исклучување од образовниот процес и според Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) претставува типичен пример за сегрегација.

По индициите споделени во јавноста, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) на 03.02.2022 година одлучува за овој случај да поведе постапка по службена должност. По спроведената постапка, КСЗД донесе мислење за утврдување повеќекратна дискриминација, и тоа: сегрегација и исклучување на основа на попреченост, директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост и образовни потреби и утврдува повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на попреченост и здравствена состојба извршена од страна на родителите на соучениците на дискриминираната.

Всушност дискриминацијата утврдена во овој случај е крајниот чекор на еден поголем општествен проблем во чии основи се длабоко вкоренетите предрасуди и сеприсутните стереотипи кои во овој случај се однесуваат на лицата со посебни потреби. Предрасудите во овој случај се основните „подгреваչи" за преземената акција против Е.А. и барањето таа да биде сегрегирана и на крајот исклучена од образовниот процес. За жал, овој случај не е изолиран и единствен, ако се вратиме наназад, може да се потсетиме на протестите во село Тимјаник кога тамошното население протестираше против згрижување на четири деца со посебни потреби во групниот дом во тамошното село. За долгорочно решение на ваквите случаи не се доволни само институционални санкции, бидејќи тие тешко дека ќе ги отстранат дискриминаторските практики ако предрасудите и стереотипите останат да тлеат во општеството. Сите чинители во општеството, а посебно државниот и граѓанскиот сектор, мораат да се вклучат и превентивно да работат со сите групи во општеството за да овозможат ставовите да се менуваат и различностите да се прифаќаат.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Резултатите покажуваат дека во Северна Македонија постојат групи граѓани кои се цел на отворено искажани негативни чувства (предрасуди), и тоа во неколку заштитени карактеристики. Во овие групи спаѓаат: лезбијките, геј и бисексуалните лица кон кои испитаниците изразиле високи 53,5% негативни чувства, следуваат трансродовите лица кон кои има 46,3% изразени негативни чувства, а потоа следуваат имигрантите со 21,6% и барателите на азил со 17,5%. За жал, добиените податоци се во линија на тоа што го гледаме на терен за сè почестите напади и дела на вознемирување преку медиумите на лицата од ЛГБТИ+ заедницата на ниво на цела држава.[16] Иста е ситуацијата и со толеранцијата кон имигрантите и потенцијалните баратели на азил каде минатата година по низа граѓански протести се сопре изградбата на Прифатниот центар за странци и истиот е заклучено да се гради надвор од населено место[17]. Она што е важно е дека тлеењето на неповолно изразените чувства кон наведените категории граѓани може негативно да влијаат во понатамошното нивно прифаќање и адресирање на потребите и проблемите кои ги имаат, од почитување на нивните основни човекови права и слободи, до пристапот на основните добра и услуги, без разлика дали се жители на земјата, транзитираат низ неа или се баратели на азил.

Мнозинство позитивни чувства преовладуваат за девет издвоени групи на граѓани и тоа за жените, луѓето над 70 г., луѓето под 30г., луѓето со посебни потреби, христијаните, мажите, лицата со нарушена ментална состојба, муслиманите и Ромите. Поконкретно, за жените се изразени високи 82,6% позитивни чувства додека за Ромите се изразени 63,5% позитивни чувства, другите групи се помеѓу овие два процента. Оттука може да се заклучи дека овие девет групи на граѓани имаат подобра основа за нивно прифаќање и толерирање во општеството. Иако ова се однесува повеќе за некои групи отколку за другите, мнозинството на искажани позитивни чувства влева надеж дека општеството во кое живееме има капацитет да се промени, ги прифати различностите и изгради позитивен однос кон нив.

Користејќи го „Стереотипниот модел на содржина", и тоа во однос на четири стереотипни особини, резултатите покажаа дека најмногу стереотипно перципирани како помалку способни и помалку пријателски од другите се ЛГБ лицата, по нив следуваат Ромите и лицата со попреченост. Ако на едните се гледа со доза на презир и гнев, кон другите се гледа со доза на сожалување. Дополнително, како стереотипно економски најуспешни се перципираат групите: Македонци, Албанци, жени и мажи. Според резултатите, Албанците се стереотипно перципирани дека добиваат најмногу посебен третман во општеството.

Најмногу предрасуди или искуства со неповолен третман има на основа на родот, етничката припадност, политичката припадност и возраста. Голем дел од испитаниците одбиле да одговорат или не знаат дали биле изложени на предрасуди кога станува збор за нивната сексуална ориентација (29,5%) или имањето одредена попреченост (27,6%). Ова отвора прашања поврзани со знаењето и информираноста на граѓаните за препознавање и можностите за заштита од разни видови нееднаков третман кои може да бидат форма на директна и/или индиректна дискриминација, а за жал не се препознаени како такви и се оставени на „милоста" на социјалните норми во општеството.

Добиените податоци покажуваат на конзистентен тренд на силно изразена социјална дистанца на основа на етничка припадност и вероисповед за низа од понудените социјални човечки односи. Од податоците може да се заклучи дека на испитаниците им е попријатна идејата да имаат за раководител сосед или да се дружат со некој кој е од различна етничка припадност или вера, отколку некој нивни близок роднина да формира брак со некој кој е од различна етничка припадност или вера. Најсилно изразена социјална дистанца имаат Албанците и тоа кон Ромите и Србите со 6,9% за ставот „мојата сестра или роднина да се омажи за него". А, Македонците за истиот став највисока социјална дистанца имаат кон Ромите со 32,2%. Дополнително, висок процент на испитаници (67,5%) сметаат дека е подобро да се склопи брак со жена/маж од иста вера. Вкрстувајќи ги резултатите по етничка основа, 85,0% од Албанците сметаат дека е подобро да се склучи брак со жена/маж од иста вера, додека 63,4% од Македонците и 16% од Ромите го сметаат истото.

16 Види повеќе на https://www.facebook.com/lgbtimreza/.
17 https://360stepeni.mk/vladata-ja-zapre-izgradbata-na-prifatniot-tsentar-za-strantsi-vo-bardovtsi-ke-se-dislotsira-kako-shto-baraat-zhitelite/.

Одговорите на прашањата за основните вредности ја ставаат еднаквоста како врвен приоритет пред другите вредности. Испитаниците како најголем приоритет ја издвојуваат еднаквоста, социјалната правда и еднаквите можности, а потоа следуваат безбедноста, законитоста и традицијата. Ова се силни индикатори дека постои високо ниво на јавна поддршка и широко прифаќање на сфаќањата за еднаквоста и еднаквиот третман помеѓу различните групи граѓани. Но, останува отворено прашањето како агендата за еднаквост ќе се исползува во пракса низ јавните политики. Имено, веднаш под еднаквоста како вредност, доаѓа безбедноста на државата и оттука изнаоѓањето баланс помеѓу различните вредности кои во одредена мера може да бидат контрадикторни е еден од најголемите предизвици на секое модерно либерално општество. Дополнително, резултатите индицираат одредена разлика која постои по региони и по етничка припадност во однос на тврдењата за основните вредности за еднаквост и прифаќање на различностите и во таа насока потребно е развивање програми по мерка кои ќе влијаат на едукацијата и развојот на јавното мислење за придобивките од поголемата инклузија и кохезија во македонското општество. Имено, само 56,4% од испитаниците одговориле дека во потполност се согласуваат со тврдењето дека треба да има еднаквост за сите групи во Северна Македонија, а 17,2% одговориле дека донекаде се согласуваат. Иако скоро две третини од испитаниците се изјасниле позитивно во однос на еднаквоста на различните групи, сепак една третина на граѓани отстапува од ова стојалиште.

Иако поголем мотиватор за неискажување предрасуди се личните причини, сепак висок процент од испитаниците искажале дека се обидуваат да дејствуваат без предрасуди кон другите за да не бидат осудени од околината. Непишаниот механизам како што е „политичката коректност" веројатно служи во голема мера да се ублажи отвореното искажување на предрасудите. Она што е важно е дека предрасудите најчесто се јавуваат во контекст на меѓугрупните односи, а не како резултат на одредена психолошка патологија. Фактот дека еден поединец може да има многу позитивни ставови и ставови без предрасуди за една малцинска група, но негативни ставови или предрасуди кон друга, значи дека во суштина предрасудите се засноваат на верувања, ставови и чувства кои може да подлежат на промени. Затоа, политиките кои се спроведуваат во македонското мултикултурно општество за јакнење на кохезијата и меѓугрупните односи освен во насока на едукација, треба да целат и кон заштита на граѓаните од поголеми ескалации, како што е отворената дискриминација и неповолниот третман. Предрасудите и негативните емоции кон одредени групи граѓани не можат да се отстранат едноставно велејќи им на луѓето да немаат предрасуди. Наместо тоа, потребни се директни мерки и акции од страна на државата да се влијае на стереотипите и ставовите кои поткрепуваат негативни емоции и предрасуди. Наодите од истражувањето покажуваат дека степенот на искажани предрасуди е различен во однос на различни малцински групи и затоа се потребни специфични механизми за нивно следење и анализирање со цел креирање политики и интервенции кои ќе дадат резултати и ќе влијаат на намалување на предрасудите и индиректно на дискриминацијата.

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

| Род | % |
|---|---|
| Жена | 49,9 |
| Маж | 50,1 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 | 19,0 |
| 30-39 | 16,9 |
| 40-49 | 17,4 |
| 50-59 | 18,4 |
| 60-69 | 15,7 |
| 70-79 | 9,3 |
| 80+ | 3,3 |
| **Место на живеење** | **%** |
| Рурално (село) | 63,3 |
| Урбано (град) | 36,7 |
| **Регион** | **%** |
| Вардарски | 7,9 |
| Источен | 8,9 |
| Југоисточен | 7,9 |
| Југозападен | 9,9 |
| Пелагониски | 11,8 |
| Полошки | 13,2 |
| Североисточен | 7,9 |
| Скопски | 32,5 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонска | 66,7 |
| Албанска | 24,6 |
| Турска | 4,0 |
| Ромска | 2,5 |
| Српска | 1,3 |
| Влашка | 0,3 |
| Друга | 0,6 |
| **Религиозна припадност** | **%** |
| Православна | 67,3 |
| Исламска | 31,5 |
| Католичка | 0,5 |
| Атеист | 0,2 |
| Не сум религиозен | 0,5 |

| Образование | % |
|---|---|
| Незавршено основно | 3,9 |
| Завршено основно | 20,1 |
| Завршено средно | 49,8 |
| Завршено високо | 23,9 |
| Завршено постдипломско | 2,3 |
| **Работен статус** | **%** |
| Јавна институција | 18,2 |
| Приватна институција | 25,9 |
| Вработен во ГО | 1,5 |
| Самовработен | 4,2 |
| Земјоделец | 2,2 |
| Невработен | 14,9 |
| Студент | 6,6 |
| Ангажиран во домашни задачи | 4,9 |
| Пензионер | 21,5 |
| Друго | 0,1 |
| **Месечни примања** | **%** |
| До 15.000 денари | 10,4 |
| Од 15.001 до 30.000 | 32,1 |
| Од 30.001 до 60.000 | 23,0 |
| Повеќе од 60.000 | 9,4 |
| Не знам | 6,2 |
| Одбива да одговори | 18,9 |
| **Политички ставови** | **%** |
| Лево ориентирани | 7,9 |
| Центар кон лево | 8,8 |
| Центар кон десно | 9,4 |
| Десно ориентирани | 15,4 |
| Друго | 10,6 |
| Не знам | 15,4 |
| Одбива да одговори | 32,5 |

# ПРИЛОГ 2. ПРАШАЛНИК ЗА СТАВОВИТЕ И ИСКУСТВОТО СО ПРЕДРАСУДИ, СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА И ЕДНАКВОСТ

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**П.1 Род**

Маж

Жена

Друго

**П.2 Возраст**

18-29

30-39

40-49

50-59

60-69

70-79

80+

**П.3 Во која општина живеете (листа на општини)**

**П.4 Во каква средина живеете**

Град

Село

**П.5 Етничка припадност**

Македонска

Албанска

Турска

Ромска

Српска

Влашка

Друга____________________

**П.6 Религиозна припадност**

Православна

Исламска

Католичка

Протестантска

Агностик

Атеист

Не сум религиозен

Друга___________________

**П.7 Образование**

Незавршено основно образование

Завршено основно образование

Завршено средно образование

Завршено високо образование

Завршено постдипломско образование

**П.8 Работен статус**

Вработен во јавна институција

Вработен во приватна институција

Вработен во граѓанска организација

Самовработен

Земјоделец

Невработен

Студент

Ангажиран во домашни задачи

Пензионер

Друго________________

**П.9 Месечни примања во рамките на семејството**

До 15.000 денари

Од 15.001 до 30.000 денари

Од 30.001 до 60.000 денари

Повеќе од 60.001 денари

**П.10 Покрај мајчиниот јазик, кој друг јазик, од подолунаведените, го познавате?**

| | Да пишувате и читате | Разговорно да се служите | Не познавам |
|---|---|---|---|
| Македонски | | | |
| Албански | | | |
| Турски | | | |
| Ромски | | | |
| Друг | | | |

**П.11 Како би го опишале вашиот политички став?**

Политичките ставови може да се опишат како повеќе левичарски (на пример: социјал-демократска партија) или повеќе десничарски (на пример: конзервативна партија).

1. Лево ориентирани
2. Центар кон лево
3. Центар кон десно
4. Десно ориентирани
5. Друго__________________
6. Не знам
7. Одбива да одговори

## I. СТАВОВИ И ИСКУСТВО СО ПРЕДРАСУДИ И СТЕРЕОТИПИ

**П.12 Општо земено, колку негативно или позитивно се чувствувате кон секоја од следните групи во Македонија?**

| | Многу негативно | Донекаде негативно | Ниту негативно ниту позитивно | Донекаде позитивно | Многу позитивно |
|---|---|---|---|---|---|
| Жени | | | | | |
| Мажи | | | | | |
| Луѓе над 70 години | | | | | |
| Луѓе под 30 години | | | | | |
| Муслимани | | | | | |
| Роми | | | | | |
| Лица со посебни потреби (физички оштетувања) | | | | | |
| Лица со нарушена ментална здравствена состојба | | | | | |
| Лица кои го прикажуваат својот род различно од оној што им бил доделен при раѓање (вклучувајќи трансродови и интерсексуални луѓе) | | | | | |
| Лезбијки, геј и бисексуални лица | | | | | |
| Имигранти | | | | | |
| Баратели на азил | | | | | |
| Христијани | | | | | |

**П.13 Размислувајќи за вашите лични искуства во текот на изминатата година, колку често некој покажал предрасуди кон вас или се однесувал неправедно со вас поради некоја од следниве карактеристики:**

| | Речиси цело време | Голем дел од времето | Понеко-гаш | Ретко | Никогаш | Не знам | Преферирам да не кажам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вашиот род (маж или жена) | | | | | | | |
| Вашите години | | | | | | | |
| Вашата етничка припадност | | | | | | | |
| Вашата политичка припадност | | | | | | | |
| Некоја попреченост која ја имате | | | | | | | |
| Вашата сексуална ориентација (да се биде геј, лезбијка, хетеросексуалец) | | | | | | | |
| Вашата религија или верски верувања | | | | | | | |
| Друго (наведи) | | | | | | | |

Има многу различни групи во оваа земја и би сакале да знаеме што мислите вие како луѓето општо гледаат на некои од овие групи. Ве молиме на скалата од 1 до 5 да кажете како сметате дека се гледа кон овие групи.

**П.14 До кој степен мажите, жените, лезбијките, геј и бисексуалците, лицата со попреченост, Албанците, Македонците и Ромите се сметаат за:**

| | Најверојатно се гледани така | Веројатно се гледани така | Донекаде се гледани така | Не се гледани така | Воопшто не се гледани така | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Способни | | | | | | |
| Пријателски | | | | | | |
| Економски успешни | | | | | | |
| Добиваат посебен третман (од работодавците или од владата) што ги отежнува работите за другите во земјата | | | | | | |

## II. СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА

**П.15 Што мислите, колку удобно или непријатно би се чувствувале ако жена е назначена за ваш шеф?**

| Многу удобно | Удобно | Ниту удобно ниту непријатно | Непријатно | Многу непријатно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**П.16 Што мислите, колку удобно или непријатно би се чувствувале ако лезбијка или геј лице е назначено за ваш шеф?**

| Многу удобно | Удобно | Ниту удобно ниту непријатно | Непријатно | Многу непријатно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**П.17 Што мислите, колку удобно или непријатно би се чувствувале ако лице со попреченост е назначено за ваш шеф?**

| Многу удобно | Удобно | Ниту удобно ниту непријатно | Непријатно | Многу непријатно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**П.18 Во земјата живеат припадници на разни националности и религии. Нас нѐ интересира кои од наведените односи вие би сакале да ги имате со обичниот, ни најдобар ни најлош, припадник на одделната националност (етникум) и религија.**

| | Македонец | Албанец | Турчин | Ром | Србин |
|---|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во исто место | | | | | |
| Да живее со мене во иста општина | | | | | |
| Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца | | | | | |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | | | | | |
| Да се омажи со моја блиска роднина (дете, сестра, брат) | | | | | |
| Да биде градоначалник во општината во која живеам | | | | | |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | | | | | |

| | Православен | Муслиман | Католик | Протестант | Јудаист |
|---|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во исто место | | | | | |
| Да живее со мене во иста општина | | | | | |
| Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца | | | | | |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | | | | | |
| Да се омажи со моја блиска роднина (дете, сестра, брат) | | | | | |
| Да биде градоначалник во општината во која живеам | | | | | |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | | | | | |

**П.19 Дали сметате дека е подобро да се склопи брак со:**

1. Жена/маж од иста вера
2. Маж/жена од друга вера
3. Жена/маж кои не веруваат
4. Немам определен став

**П.20 На која националност и припаѓаат тројца од вашите најдобри пријатели?**

1. ________________
1. ________________
1. ________________

## III. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

**П.21 Овде накратко опишуваме некои луѓе. Ве молиме прочитајте го секој опис и размислете колку секоја личност е како вас или не е како вас. Изберете го одговорот подолу кој покажува колку личноста во описот е како вас.**

| | Многу како мене | Како мене | Донекаде како мене | Малку како мене | Не како мене | Воопшто не како мене |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Мислам дека е важно секој човек во светот да биде третиран подеднакво. Верувам дека секој треба да има еднакви можности во животот. | | | | | | |
| Верувам дека луѓето треба да го прават она што им е кажано. Мислам дека луѓето треба да ги следат правилата во секое време, дури и кога никој не гледа. | | | | | | |
| Важно ми е да ги слушам луѓето кои се различни од мене. Дури и кога не се согласувам со нив, сепак сакам да ги разберам. | | | | | | |
| За мене е многу важно мојата земја да биде безбедна. Мислам дека државата мора да внимава на заканите од внатре и однадвор. | | | | | | |
| Мислам дека е најдобро работите да се прават на традиционален начин. Важно е за мене да ги задржам обичаите што ги научив. | | | | | | |
| Сакам секој да биде третиран праведно, дури и луѓето што не ги познавам. Важно ми е да ги заштитам слабите во општеството. | | | | | | |

**П.22 До кој степен се согласувате или не се согласувате со следнава изјава: „Треба да има еднаквост за сите групи во Северна Македонија“.**

| Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Ниту не се согласувам ниту се согласувам | Донекаде се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**П.23 До кој степен се согласувате или не се согласувате со следнава изјава: „Се обидувам да дејствувам без предрасуди кон другите групи бидејќи тоа е лично важно за мене“.**

| Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Ниту не се согласувам ниту се согласувам | Донекаде се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**П.24 До кој степен се согласувате или не се согласувате со следнава изјава: „Се обидувам да бидам без предрасуди кон другите групи за да избегнам неодобрување од околината“.**

| Воопшто не се согласувам | Донекаде не се согласувам | Ниту не се согласувам ниту се согласувам | Донекаде се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |